„Натпреварувачка сезона" : период кој почнува на 15 /петнаесетти/ Јуни, а завршува на 14 /четиринаесетти/ Јуни наредната година и е поделен во два дела: есенски и пролетен дел;

2. Се утврдува Летниот преоден рок за натпреварувачката 2015/16 да започне на 15.06.2015 година и заврши на 31.08.2015 година

3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето а ќе се применува од 15.06.2015 година од кога ќе се смета и почетокот на новата натпреварувачка сезона.

4. Сите акти на ФФМ, вклучително и одлуките на органите и телата на ФФМ кои се повикуваат или упатуваат на времетраењето на натпреварувачката сезона, од 15.06.2015 година ќе се смета дека се повикуваат односно упатуваат на дефиницијата определена во точка 1 од оваа одлука.

5. Сите регистрации на фудбалери направени од 15.06.2015 година ќе се смета дека се направени во натпреварувачката 2015/16 година.

6. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.07.2014 година во интерес на фудбалските клубови и фудбалери завзема став дека е потребна измена на термините со кои е дефиниран почетокот и крајот на Летниот преоден рок а последователно на тоа и редефинирање на почетокот и крајот на натпреварувачката сезона без притоа да се менува организирањето на натпреварувањето во две полусезони и стартот на есенскиот дел на првенството за Првата односно Втората МФЛ кој започнува првата недела од август.

Ваквото решение посебно им овозможува на клубовите кои ќе учествуваат во УЕФА натпреварувањата да го користат ЛПР за нови

засилувања и постигнат што е можно поголем бенефит како за клубот така и за федерацијата постигнувајќи оптимални спортски резултати.

Од тие причини Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1439/1-14

Управен одбор

Врз основа на член 56 став 1 точка и од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 03.07.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојува Календарот за натпревари за сезона 2014/2015 година.
2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.
3. Одлуката и Календарот за натпревари за сезона 2014/2015 година да се објавават во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудал.

**Образложение**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.07.2014 година го разгледа предложениот Календарот за натпревари за сезона 2014/2015 година од Комисијата за натпревари на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

**Претседател,**

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 1439/1-15
Скопје,

ФФМ

Управен одбор

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 03.07.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојуваат листите на судии за натпреварувачката 2014/15 година

1/1 Единствена листа на главни судии за Прва и Втора МФЛ како што следи:

| Ред.бр. | Презиме и име | Место | Дата на раѓање | Категорија |
|---|---|---|---|---|
| | ЕЛИТНА ГРУПА | | | |
| 1. | Ставрев Александар | Скопје | 30/03/1977 | ФИФА |
| 2. | Мечкаровски Димитар | Скопје | 04/03/1975 | ФИФА |
| 3. | Јакимовски Дејан | Скопје | 23/09/1985 | ФИФА |
| 4. | Мантев Петар | Неготино | 23/04/1977 | ФИФА |
| 5. | Маркоски Марјан | Охрид | 26/01/1977 | ФИФА |
| 6. | Бартон Јосип | Тетово | 28/04/1977 | ФИФА |
| 7. | Спиркоски Горан | Прилеп | 16/05/1971 | Републичка |
| 8. | Шулески Стевче | Охрид | 27/01/1977 | Републичка |
| 9. | Ецкоски Марјан | Охрид | 27/01/1976 | Републичка |
| 10. | Мустафи Фатон | Тетово | 06/10/1982 | Републичка |
| 11. | Ѓорѓевски Далибор | Куманово | 10/08/1979 | Републичка |
| 12. | Стојанов Стојанче | Штип | 02/08/1983 | Републичка |
| | ПРВА ГРУПА | | | |
| 13. | Стефков Симеон | Скопје | 20/08/1985 | Републичка |
| 14. | Влахо Константин | Скопје | 30/01/1980 | Републичка |
| 15. | Костенчев Никола | Скопје | 16/09/1984 | Републичка |
| 16. | Стојчевски Дарко | Скопје | 04/06/1986 | Републичка |
| 17. | Младеновски Марјан | Скопје | 10/05/1986 | Републичка |
| 18. | Митревски Тони | Битола | 23/08/1986 | Републичка |
| 19. | Мавров Васко | Струмица | 09/01/1986 | Републичка |
| 20. | Гоцевски Марјан | Струмица | 06/02/1988 | Републичка |
| 21. | Сејменов Ристе | Струмица | 30/05/1981 | Републичка |
| 22. | Ристеми Валтон | Гостивар | 01/01/1985 | Републичка |
| 23. | Ицев Тоше | Кавадарци | 26/02/1984 | Републичка |
| 24. | Стојаноски Марјан | Кичево | 08/08/1983 | Републичка |

Деловоден број 0202- 1439/1-11/1
Скопје,

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ВТОРА ГРУПА | | | |
| 25. | Трпчевски Стојанче | Кавадарци | 28/12/1987 | Републичка |
| 26. | Блажевски Тоде | Битола | 29/07/1983 | Републичка |
| 27. | Ангелов Александар | Кочани | 05/10/1984 | Републичка |
| 28. | Величков Боби | Велес | 22/07/1984 | Републичка |
| 29. | Младеновски Дејан | Скопје | 17/01/1988 | Прва |
| 30. | Стојчевски Игор | Скопје | 25/09/1989 | Прва |
| 31. | Смоквоски Кирил | Прилеп | 26/02/1990 | Прва |
| 32. | Макалоски Дарко | Прилеп | 22/10/1988 | Прва |
| 33. | Георгиев Крумислав | Штип | 31/05/1990 | Прва |
| 34. | Пилешков Димитар | Штип | 06/09/1990 | Прва |
| 35. | Јованов Јован | Гевгелија | 10/09/1989 | Прва |
| 36. | Тефику Ндерим | Куманово | 16/10/1987 | Прва |
| 37. | Грујоски Александар | Кичево | 12/10/1982 | Прва |
| 38. | Шаќири Албрим | Струга | 12/08/1984 | Прва |

1/2 Единствена листа на асистенти судии за Прва и Втора МФЛ како што следи:

| Ред.бр. | Презиме и име | Место | Дата на раѓање | Категорија |
|---|---|---|---|---|
| | ПРВА ГРУПА | | | |
| 1. | Кировски Марјан | Скопје | 03/02/1974 | ФИФА |
| 2. | Костадинов Дејан | Скопје | 01/12/1978 | ФИФА |
| 3. | Караколев Никола | Штип | 29/11/1975 | ФИФА |
| 4. | Емурли Иса | Тетово | 13/10/1975 | ФИФА |
| 5. | Неделкоски Дејан | Скопје | 22/08/1980 | ФИФА |
| 6. | Петрески Гоце | Скопје | 15/08/1979 | ФИФА |
| 7. | Ширилов Игор | Скопје | 31/03/1973 | Републичка |
| 8. | Стојановски Тони | Скопје | 05/11/1971 | Републичка |
| 9. | Стојанчевски Марјан | Скопје | 20/06/1979 | Републичка |
| 10. | Милошевиќ Милош | Скопје | 22/08/1978 | Републичка |
| 11. | Тошевски Саше | Скопје | 29/09/1975 | Републичка |
| 12. | Димитријевиќ Дејан | Скопје | 06/11/1984 | Републичка |
| 13. | Божиновски Никола | Скопје | 06/12/1973 | Републичка |
| 14. | Чагоровски Томче | Битола | 26/04/1982 | Републичка |
| 15. | Атанасов Панде | Битола | 28/07/1974 | Републичка |
| 16. | Лозаноски Злате | Битола | 07/06/1975 | Републичка |
| 17. | Клочовски Васко | Битола | 22/01/1971 | Републичка |
| 18. | Јорданоски Илчо | Прилеп | 23/03/1974 | Републичка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19. | Костоски Зоран | Прилеп | 16/08/1976 | Републичка |
| 20. | Митрески Златко | Прилеп | 23/07/1975 | Републичка |
| 21. | Смилкоски Марјан | Прилеп | 27/07/1978 | Републичка |
| 22. | Манасиев Горан | Велес | 25/09/1972 | Републичка |
| 23. | Новачев Петар | Велес | 24/04/1978 | Републичка |
| 24. | Георгиевски Небојша | Тетово | 19/04/1973 | Републичка |
| 25. | Љатифи Насуф | Тетово | 23/08/1976 | Републичка |
| 26. | Негриески Кирил | Струга | 12/05/1972 | Републичка |
| 27. | Грданоски Симон | Струга | 27/05/1977 | Републичка |
| 28. | Мацески Ацо | Струга | 04/10/1975 | Републичка |
| 29. | Недев Гоце | Кавадарци | 04/07/1970 | Републичка |
| 30. | Димитров Горан | Кавадарци | 14/11/1971 | Републичка |
| 31. | Иванов Сашо | Штип | 09/09/1971 | Републичка |
| 32. | Ѓорѓиев Ристе | Штип | 01/05/1987 | Републичка |
| 33. | Станковски Ѓорѓи | Струмица | 06/05/1988 | Републичка |
| 34. | Маркоски Слаѓан | Гостивар | 04/05/1988 | Републичка |
| 35. | Стефановски Орце | Кратово | 24/01/1973 | Републичка |
| 36. | Гонев Илија | Неготино | 29/06/1977 | Републичка |
| 37. | Тодоровски Жарко | Охрид | 22/09/1973 | Републичка |
| 38. | Карајанов Ѓорѓи | Гевгелија | 02/03/1974 | Републичка |
| | ВТОРА ГРУПА | | | |
| 39. | Иваноски Бојан | Скопје | 25/11/1982 | Прва |
| 40. | Путилин Бранко | Скопје | 03/04/1987 | Прва |
| 41. | Топојани Мервин | Скопје | 01/10/1990 | Прва |
| 42. | Ицковски Филип | Скопје | 29/04/1987 | Прва |
| 43. | Милошевски Горан | Скопје | 02/04/1983 | Прва |
| 44. | Василевски Даниел | Скопје | 10/05/1986 | Прва |
| 45. | Дрнковски Николче | Битола | 06/07/1986 | Прва |
| 46. | Мишески Иле | Прилеп | 28/10/1980 | Прва |
| 47. | Јовчевски Дарко | Тетово | 15/06/1981 | Републичка |
| 48. | Илми Медии | Тетово | 05/07/1975 | Прва |
| 49. | Ливорека Хабил | Тетово | 12/07/1980 | Прва |
| 50. | Ѓорѓески Александар | Тетово | 1994 | Прва |
| 51. | Чакарески Лазе | Струга | 01/05/1981 | Републичка |
| 52. | Бакрачески Разме | Струга | 14/06/1991 | Прва |
| 53. | Трпчевски Драган | Кавадарци | 18/01/1991 | Прва |
| 54. | Саздовски Зоран | Штип | 28/10/1983 | Прва |
| 55. | Ангеловски Кире | Струмица | 13/10/1987 | Прва |
| 56. | Таравари Ебрар | Гостивар | 22/06/1990 | Прва |

Деловоден број 0202- 1439/1-11/1
Скопје,

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 57. | Спироски Дарко | Кичево | 19/01/1983 | Републичка |
| 58. | Јанкуловски Зоран | Кичево | 05/02/1986 | Прва |
| 59. | Лика Куштрим | Кичево | 28/08/1984 | Прва |
| 60. | Андевски Бојан | Куманово | 08/08/1991 | Прва |
| 61. | Петковски Мартин | Куманово | 18/06/1983 | Прва |
| 62. | Јовановски Бобан | Куманово | 23/08/1976 | Прва |
| 63. | Тефику Ваљон | Куманово | 11/10/1993 | Прва |
| 64. | Јорданов Методи | Кочани | 23/07/1989 | Прва |
| 65. | Ѓорѓиев Богданчо | Кочани | 17/04/1987 | Прва |
| 66. | Трендафилов Виктор | Свети Николе | 09/08/1988 | Прва |

1/3 Листа на главни судии – жени, како што следи:

| Ред.бр. | Презиме и име | Место | Дата на раѓање | Категорија |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Пројковска Ивана | Скопје | 11/03/1986 | ФИФА |
| 2. | Велевачкоска Ирена | Прилеп | 16/02/1988 | ФИФА |
| 3. | Изеири Вјолца | Гостивар | 22/08/1981 | Републичка |
| 4. | Солаковска Радмила | Охрид | 05/11/1988 | Прва |
| 5. | Костадиновиќ Адријана | Скопје | 06/07/1987 | Втора |

1/4 Листа на асистенти судии-жени, како што следи:

| Ред.бр. | Презиме и име | Место | Категорија |
|---|---|---|---|
| 1. | Соклевска Илиевски Елена | Скопје | ФИФА |
| 2. | Миланова Билјана | Скопје | ФИФА |
| 3. | Крајчевска Бранка | Скопје | Прва |
| 4. | Илиевска Снежана | М. Каменица | Републичка |
| 5. | Стојковска Зорица | Куманово | Прва |
| 6. | Стерјовска Елена | Битола | Прва |
| 7. | Атанасовска Цветанка | Кавадарци | Прва |
| 8. | Вукадинова Ивана | Свети Николе | Прва |
| 9. | Леши Беса | Струга | Втора |
| 10. | Веселинова Симона | Кочани | Втора |

2. Се усвојува единствената листа на контролори за Прва и Втора МФЛ за натпреварувачката 2014/15 година како што следи:

| *Бр.* | *Презиме и име* | *Место* |
|---|---|---|

ФФМ

Управен одбор

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Попев Гоце | Скопје |
| 2. | Николовски Зоран | Скопје |
| 3. | Михаилов Мијалче | Скопје |
| 4. | Костенчев Ванчо | Скопје |
| 5. | Цветковски Ѓорѓи | Скопје |
| 6. | Неделкоски Златко | Скопје |
| 7. | Јакимовски Делчо | Скопје |
| 8. | Стојчевски Миле | Скопје |
| 9. | Мировски Ацо | Скопје |
| 10. | Миноски Аце | Скопје |
| 11. | Алаџајков Васил | Скопје |
| 12. | Бојанинов Зоран | Скопје |
| 13. | Адеми Сафет | Скопје |
| 14. | Дивитаров Менде | Битола |
| 15. | Трајковски Драги | Битола |
| 16. | Илиоски Петре | Прилеп |
| 17. | Смоквоски Борка | Прилеп |
| 18. | Ристески Љупчо | Прилеп |
| 19. | Лазаревски Сашо | Куманово |
| 20. | Стојановски Драган | Куманово |
| 21. | Салихи Бурхамедин | Куманово |
| 22. | Ристовски Драган | Куманово |
| 23. | Коцев Ванчо | Штип |
| 24. | Камчев Ване | Штип |
| 25. | Јосифов Зоран | Кавадарци |
| 26. | Манојлоски Бранко | Тетово |
| 27. | Идризи Аднан | Тетово |
| 28. | Ангелов Сашко | Кочани |
| 29. | Кушевски Атанас | Кочани |
| 30. | Хаџипази Алилерџан | Гостивар |
| 31. | Стојаноски Градимир | Гостивар |
| 32. | Петковски Зоран | Велес |
| 33. | Сеља Илир | Струга |
| 34. | Ристески Марјан | Кичево |
| 35. | Шуклев Благој | Гевгелија |
| 36. | Гоцевски Ѓорѓи | Струмица |
| 37. | Спироски Миле | Охрид |

Деловоден број 0202- 1439/1-11/1
Скопје,

| | | |
|---|---|---|
| 38. | Ристевски Љубе | Демир Хисар |
| 39. | Величковски Бранко | Крива Паланка |
| 40. | Ќулумовски Кире | Ресен |

3. Се усвојува листата на ментори за натпреварувачката 2014/15 година

| ***Бр.*** | ***Презиме и име*** | ***Место*** |
|---|---|---|
| 1. | Кировски Васил | Скопје |
| 2. | Димитровски Димитар | Скопје |
| 3. | Наумовски Благојче | Скопје |
| 4. | Бундалевски Ристо | Скопје |
| 5. | Мутков Васил | Скопје |
| 6. | Стојановски Ѓорѓи | Скопје |
| 7. | Иванов Пане | Кавадарци |
| 8. | Мицковски Јордан | Кавадарци |
| 9. | Темелков Ристо | Велес |
| 10. | Панчуров Ѓорѓи | Струмица |

4. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

5. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.07.2014 година го разгледа предлогот на Судиската комисија за листи на судии, контролори и ментори за натпревараувачката 2014/15 година по што донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 1439/1-11/1
Скопје,

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.07.2014 година по барање на Телото за верификација на ФФМ го донесе следното:

## ТОЛКУВАЊЕ
## на точка 4 и 5 од Одлуката на УО на ФФМ бр. 02-577/1-4 од 26.04.2013 година

Во точка 4 од Одлуката на УО бр. 02-577/1-4 од 26.04.2013 година е предвидено:

„ Минималните износи за премин на фудбалери од клуб во клуб кои спогодбено го раскинале договорот изнесуваат половина од износите наведени во соодветните табели под точка 2 и 3 од оваа одлука".

Со оваа точка е определен минимален износ за премин на фудбалери од од клуб во клуб при спогодбен раскин на договор. При тоа износот е утврден како половина од износот предвиден во табелите каде што се утврдени износите кои клубот може да ги побарува при трансфер на фудбалер кому му е раскинат договорот(стипендиски или професионален) на штета на фудбалер. Овој утврден минимален износ не служи како основ по кој клубот може да побарува од новиот клуб на фудбалерот обештетување. Вака утврдениот минимален износ е основ за пресметка за надомест по основ на солидарност и тоа само во случај кога од непредвидени причини документацијата врз основа на која се врши пресметувањето не е достапна.

При спогодбен раскин на договор износот за обештетување за спогодбеното раскинување на договорот со цел фудбалерот да направи трансфер и склучи договор со нов клуб, го одредуваат со посебен договор двата клуба во зависност од повеќе параметри (квалитет, настапи итн)

Во точка 5 од Одлуката на УО бр. 02-577/1-4 од 26.04.2013 година е предвидено:

„Доколку професионалниот договор се раскине како последица на губење на прволигашкиот статус на клубот правото за надоместок за премин ќе се регулира согласно т.4 од оваа одлука освен во случај кога договорот истекува во тековниот летен преоден рок".

Со оваа точка е определен надоместок кога клубот по сила на пропис – губење на прволигашки статус, го раскинува професионалниот договор( Договор за професионално занимавање со фудбал) и истиот е определен како половина од износот предвиден во табелата каде што е утврден износот кој клубот може да го побарува при трансфер на фудбалер кому му е раскинат договорот за професионално занимавање со фудбал на штета на фудбалер. Надоместокот кој клубот го добива по овој основ не зависи од бројот на години кои фудбалерот ги поминал во клубот , износот е еднократен и фиксен и изнесува 50% од утврдениот износ во табелата за една година.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1439/1-16/1

Управен одбор

Врз основа на член 56 став 1 точка в од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 03.07.2014 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се разрешува Чедо Ангеловски од Комисијата за младински фудбал.
2. Се именува Горан Георгиевски за член на Комисијата за младински фудбал.
3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.
4. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ-Макфудбал.

### Образложение

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.07.2014 година го разгледа пристигнатото известување од Чедо Ангеловски - член на Комисијата за младински фудбал на ФФМ со кое ги известува членовите на Управниот одбор на ФФМ дека се повлекува од Комисијата од лични причини и неможност активно да учествува во нејзината работа, како и барање од ОФС Куманово со кое се предлага Горан Георгиевски за член на младинската комисија при ФФМ со образложение дека истиот ќе може да одговори на обврските на комисијата, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 1439/1-16/2
Скопје,

Управен одбор

Врз основа на член 56 став 1 точка г од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 3.7.2014година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се назначува Данчо Целески за координатор на тренери на голмани во националните младински селекции и фудбалската паралелка.

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ Макфудбал.

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 03.07.2014 година го разгледа предлогот од Комисијата за фудбалски тренери за назначување на Данчо Целески за координатор на тренери на голмани во националните младински селекции и фудбалската паралелка, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202- 1439/1-16/3
Скопје,

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ, Комитетот за итност на ФФМ во состав Илчо Ѓорѓиоски – Претседател, Муамет Сејдини – Потпретседател, Дејан Димовски – член на седницата одржана на 09.07.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **Еднаш извршената уплата** во текот на една натпреварувачка година од страна на фудбалски клуб ,по основ - такса за фудбалер странец кој редоследно за клубот е петти, шести, седми односно осми, **се смета за извршена уплата** за секој редоследно регистриран петти, шести, седми или осми фудбалер странец во таа натпреварувачка година.
2. За сезоната 2014/2015 уплатите ќе се засметуваат од почеток на летен преоден рок 2014 до почеток на летен преоден рок 2015 година.
3. Оваа одлука претставува дополнување на одлуката на УО на ФФМ бр. 0202-318/1-5/7-2 од 18.02.2014 година.
4. Оваа одлука стапува на сила веднаш а ќе се даде на потврдување на првата наредна седница на на Управниот одбор.
5. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комитетот за итност на ФФМ на седницата одржана на ден 09.07.2014 година ја прифати иницијативата поднесена на состанок со прволигашите и донесе одлука со која ја дополни одлуката за ограничување на бројот на фудбалери-странци на начин што им овозможи на фудбалските клубови кои регистрираат фудбалери странци надвор од утврдениот број за кој немаат обврска за уплата на такса, засметување на еднаш извршената уплата за извршена уплата за секој нареден петти, шести, седми односно осми фудбалер-странец во тековната натпреварувачка година.

Пр:еднаш уплатена такса за петти фудбалер ќе се смета за извршена уплата за секој нареден регистриран фудбалер кој по редослед би бил петти во тековната натпреварувачка година.

Со оваа одлука им се овозможува на фудбалските клубови во текот на двата преодни рока да вршат регистрација на фудбалери странци со по еднаш извршена уплата.

Претседател

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0203-1542/1

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1201-1535/1
09.07.2014 год.
Скопје

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Мите Левков - претседател, Арбен Борова – член, Синиша Стојчевски -член, постапувајќи по жалбата поднесена од ФК Зајази од Зајас пр.бр. 1201-1192/1 од 16.05.2014 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 03-1101-1147/22 од 07.05.2014,врз основа на член 31 од Правилникот за организација на ФФМ в.в со член 145 од ДП на ФФМ, на седницата одржана на ден 08.07.2014 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Делумно се усвојува жалбата поднесена од ФК Зајази од Зајас пр.бр. 1201-1192/1 од 16.05.2014 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 03-1101-1147/22 од 07.05.2014 година.
2. Одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 03-1101-1147/22 од 07.05.2014 со која Фудбалскиот клуб Зајази од Зајас е казнет со одигрување на 7(седум) првенствени или куп натпревари без присуство на публика на свој терен како домаќин и парична казна во висина од 2500(двеилјадиипетстотини)евра поради физички напад на главниот судија од страна на неслужбено лице по завршување на натпреварот Зајази-Тиверија одигран на 12.04.2014 година на стадионот во Кичево. во денарска противвредност на денот на уплатата се ПРЕИНАЧУВА и гласи: Фудбалскиот клуб Зајази од Зајас се казнува со одигрување на 3(три) првенствени или куп натпревари без присуство на публика на свој терен како домаќин и парична казна во висина од 2500(двеилјадиипетстотини)евра во денарска противвредност на денот на уплатата поради физички напад на главниот судија од страна на неслужбено лице по завршување на натпреварот Зајази-Тиверија одигран на 12.04.2014 година на стадионот во Кичево.
3. Одиграните натпревари под суспензија на ФК Зајази како домаќин се засметуваат во рамките на казната. Казната тече од 13.04.2014 година.
4. Одлуката е конечна, да се објави во Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Фудбалскиот клуб Зајази од Зајас, незадоволен од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 03-1101-1147/22 од 07.05.2014година поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата констатира дека жалбата е благовремена и таксирана со предвидената такса.

Во жалбените наводи ФК Зајази од Зајас наведува дека првостепениот орган утврдил , суштествена повреда на одредбите на постапката, нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на одредбите на ДП на ФФМ. Подносителот на жалбата наведува дека првостепениот орган воопшто не го повикал одговорното лице на клубот да се изјасни за наводите во пријавата од органот за натпревараувње. Во образложението на одлуката не се наведени решителни факти ниту олеснителните околности со кои целосно би се утврдила фактичката состојба. Понатаму подносителот наведува дека погрешно се применети одредбите на ДП во поглед на видот и висината на казната како и дека одлуката не содржи одредби согласно кои е изречена казната.

Постапувајќи по жалбата, Комисијата за жалби ги обезбеди следните материјални докази:

- Записник од натпреварот Зајази-Тиверија одигран на 12.04.2014 година во Кичево
- Дополнителен делегатски извештај
- Одлука бр. 1701-1038/1 од 15.05.2014 година со која Комисијата за натпревари го суспендирала теренот на ФК Зајази од Зајас со потврда за доставена поватница
- Одлука од Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 1101-1080/14 од 16.04.2014 година со која се потврдува одлуката за суспензија и се задолжува овластено лице на ФК Зајази и службените лица на натпреварот да достават писмена изјава.
- повратница за прием од страна на ФК Зајази од 19.04.2014 година.
- Изјава од главниот судија Стефков Симеон
- Медицински извештај од поликлиника Ера Медика
- Медицински извештај од ПЗУ Марк Лек
- Записник за примање пријава од МВР ПС Кичево
- Изјава од по.судија Тони Стојаноски
- Изјава од четврт судија Дејан Младеновски
- Изјава од втор пом.судија Никола Божиновски
- Извештај за безбедност од зам.претс. на Комисија за безбедност на ФФМ
- Изјава од контролор Стојаноски Градимир дадена електронски на 17.04.2014
- Одлука на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 03-1101-1147/22 од 07.05.2014година
- повратница за прием од страна на ФК Зајази од 15.05.2014 година.

По изведување на матерјалните докази комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На 12.04.2014 година во рамките на 23 коло од Втора МФЛ на стадионот во Кичево одигран е првенствениот натпревар Зајази-Тиверија. По завршување на натпреварот главниот судија на натпреварот на терен физички бил нападнат и удрен во пределот на главата од страна на неслужбено лице чиј идентитет е непознат. По немилиот настан главниот судија придружуван од функционери на клубот и ФФМ заминал во соблекувалната а потоа и во здравствен дом каде му била укажана медицинска помош. Настанот бил пријавен од страна на главниот судија на надлежен орган на МВР –ПС Кичево. Делегатот го пријавил настанот во дополнителен делегатски извештај.Во текот на постапката судиите и контролорот со своја изјава го потврдиле настанот како и заложбата на домаќините и функционери на ФФМ за безбедно напуштање на теренот.

По утврдување на фактичката состојба Комисијата се осврна на наводите во жалбата и при тоа констатира дека неосновани се тврдењата на подносителот за суштествена повреда на постапката. Дисциплинската комисија како првостепен орган му доставила на подносителот допис со повратница ( РР 248564240 МК) во форма на одлука со која се потврдува изречена суспензија на терен и се задолжува овластено лице на клубот да достави изјава во врска со настанот во рок од 3 дена од приемот.Со повратницата која е примена на 19.04.2014 година се потврдува дека клубот бил известен за текот на постапката и од него било побарано да се произнесе во врска со настанот. Одговорноста за непроизнесување во текот на постапката паѓа на подносителот.

Во врска со тврдењето дека погрешно се применети одредбите на ДП во поглед на видот и висината на казната како и дека одлуката не содржи одредби вр основа на кои е изречена казната ,Комисијата констатира дека одлуката е донесена согласно член 51 од ДП на ФФМ видливо од преамбулата на одлуката. Со оглед на фактот дека теренот автоматски се суспендира а потоа се изрекува дисциплинска мерка која може да биде забрана на одигрување на натпревари на свој терен, односно одигрување без присуство на гледачи, мерки кои меѓу себе се исклучуваат. Во дадениот случај поради претходно изречената суспензија е применето правилото A minore ad maius дотолку повеќе што суспензијата на теренот е мерка со поголема тежина. Паричната казна е изречена во предвидените рамки.

Комисијата го зема во предвид барањето на подносителот за утврдување на целосна фактичка состојба и од тие причини побара од првостепениот орган да се произнесе дали при изрекување на првостепената одлука е земено во предвид посветеното ангажирање околу службените лица по натпреварот од страна на домаќинот. Комисијата при одлучување го зема во предвид мислењето на првостепениот орган за висината на изречената дисциплинска мерка како и фактот дека подносителот како домаќин ги превземал сите

потребни мерки на обезбедување (што не го ослободува од одговорност), но и дополнително се ангажирал за да спречи развивање на настанот и се погрижил за безбедноста и здравствената состојба на нападнатиот судија, истиот го придружувал по завршување на натпреварот се до моментот кога не се здобил со сознание дека е способен да го продолжи патот самостојно. Комисијата сметаше дека со ублажување на изречената мерка поради изразените олеснителни околности како и поради фактот дека подносителот од следната натпреварувачка сезона натпреварувањето нема да го продолжи во истиот ранг на натпревари ќе биде постигната целта на казнувањето.

Врз основа на погоренаведеното а во согласност со член 51 од ДП на ФФМ, Комисијата за жалби донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби на ФФМ
Претседател,
Мите Левков

доставено до:
- подносителот
- макфудбал
- архива на ФФМ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ“ 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**